Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-571/3
Датум: 28-10-2024

По претставката бр. 08 – 571/1 од 21.08.2024 година, поднесена од [redacted] против [redacted] и правното лице [redacted] за заштита од дискриминација врз основа на национална или етничка припадност во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 28.10.2024 години го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

## За офрлање на претставката поради неуредност

**СЕ ОТФРЛА** претставката бр. 08 – 571/1 поднесена од [redacted] против [redacted] и правното лице [redacted] за заштита од дискриминација врз основа на национала или етничка припадност **ЗАРАДИ НЕУРЕДНОСТ.**

## О б р а з л о ж е н и е

На 21.08.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација врз основа на национална или етничка припадност, од страна на [redacted] против [redacted] и правното лице [redacted]

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот (име и презиме и адреса), податоци за лицето против кого се поднесува претставката (име и презиме и адреса), **околностите и фактите врз кои се темели претставката (дескриптивен опис на настанот)**, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што претставката не содржеше опис на фактичката состојба, односно текстуална содржина во однос на конкретните дејствија со кои потенцијалните дикриминатори извршиле диксриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 29.08.2024 година испрати Барање за доуредување на претставката до подносителот на адресата наведена во претставката.

До носењето на овој Заклучок, Комисијата сè уште не ги примила потребните документи за дополнување на претставката, поради што не е во можност да ја утврди фактичката состојба.

**Врз основа на наведеното се заклучува дека претставката не ги содржи основните елементи за постапување предвидени со член 24, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.**

Следствено на тоа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката со бр. 08 – 571/1 од 21.08.2024 година поради неуредност.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:

- [redacted]